# МОНИТОРИНГ, ИЗВЕСТУВАЊЕ И ВЕРИФИКАЦИЈА

## ЗАКОНСКА И ИНСТИТУЦИОНАЛНА ОСНОВА ЗА МОНИТОРИНГ И ИЗВЕСТУВАЊЕ

**ЗАКОНОТ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА** во моментов го **регулира мониторингот на антропогените емисии** по извори и по понори (апсорбенти) на стакленички гасови.

Сепак, **НЕМА РЕГУЛАТИВИ** за мониторинг, известување и верификација (МРВ) на политиките и мерките за климатски промени.

Подготвен е **ПРЕДЛОГ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ**, како и предлог за подзаконски акт со кој **попрецизно се дефинира системот** за мониторинг, известување и верификација на политиките и мерките.

Политиките и мерките **КОИ СЕ ИДЕНТИФИКУВАНИ** во национални придонеси на Република Македонија главно се во три сектори: **снабдување со енергија, згради и транспорт**.

Република Македонија е во единствена ситуација во однос на своите меѓународни обврски за мониторинг, известување и верификација. Ова се должи на истовремениот статус на земјата и како страна на УНФЦЦЦ која не е во Анекс 1, земја-кандидатка за членство во ЕУ и договорна страна на Енергетската заедница.

$CO_2$

Од оваа причина, државата доброволно се обидува да ги вгради начелата за известување предвидени за државите во Анекс I во рамките на сопствените национални планови и двогодишни извештаи.

## СНАБДУВАЊЕ СО ЕНЕРГИЈА

**ЗАКОНОТ ЗА ЕНЕРГЕТИКА** го регулира, иако нецелосно, мониторингот, известувањето и верификацијата на спроведувањето на стратешките документи, како и институционалните надлежности за мониторинг, известување и верификација.

**СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ НА ЕНЕРГЕТИКАТА** во Република Македонија:

- ПРАВИЛНИК ЗА ЕНЕРГЕТСКИ БИЛАНС И ЕНЕРГЕТСКА СТАТИСТИКА ја пропишува содржината и начинот на подготовка на енергетскиот биланс, како и содржината, начинот и роковите за доставување на податоците кои се потребни за подготовка на Стратегијата, како и за подготовка и мониторинг на постигнувањата на Програмата за спроведување на Стратегијата

**СТРАТЕГИЈА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА** во Република Македонија и Акциски план за обновливи извори на енергија.

- Содржината, начинот и рокот за доставување на податоците потребни за подготовка на двогодишниот извештај за спроведувањето на Акцискиот план не се пропишани со закон или подзаконски акт. Сепак, согласно Спогодбата на Енергетската заедница, извештајот се подготвува врз основа на препорачаниот модел со Спогодбата.

Наодите и препораките од информативната табела за мониторинг, известување и верификација се резултат на широки консултации во кои учествуваа:

**17** ПРЕТСТАВНИЦИ — **29%** жени, **71%** мажи

**10** ДРЖАВНИ ИНСТИТУЦИИ дадоа придонес

**ЗАКЛУЧОК:**

Иако националното законодавство јасно наведува дека треба да се воспостават системи за мониторинг и иако неколку системи во моментов се во фаза на изработка или се тестираат, ниту една од одговорните институции нема сеопфатни и целосно оперативни системи.

Во моментов, овие институции делумно ги вршат своите одговорности за подготовка на определени извештаи што се подготвуваат врз основа на достапните податоци и информации, кои се собираат на ад-хок основа или, пак, во согласност со нивните законски надлежности, но исто така може и да се засноваат врз определени инженериски проценки и пресметки во случаи каде што нема податоци и информации.

## СЕКТОР ЗГРАДИ

**ЗАКОНОТ ЗА ЕНЕРГЕТИКА** ги регулира надлежностите и обврските на локалната самоуправа, на снабдувачите со енергија и на субјектите од приватниот сектор.

**СТРАТЕГИЈАТА ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ** на Република Македонија ги дефинира специфичните политики. Спроведувањето на Стратегијата се операционализира на следниот начин:

- Националниот Акциски план за енергетската ефикасност (NEEAP) содржи анализа и извештај за спроведувањето на мерките и активностите од претходниот Акциски план, средствата кои се потребни за спроведување на предложените нови мерки и активности, како и институциите кои се одговорни за овие мерки.
- Мониторингот на спроведувањето на мерките и активностите е надлежност на Агенцијата за енергетика на Република Македонија.
- Во моментов нема закон или подзаконски акт кој ја пропишува содржината, начинот и рокот за доставување на податоците потребни за подготовка на годишниот извештај за спроведувањето на NEEAP.
- Правилник за информативниот систем за мониторинг и управување со потрошувачка на енергија во субјектите во јавниот сектор.

## СЕКТОР ТРАНСПОРТ

**ЗАКОНОТ ЗА ЖЕЛЕЗНИЧКИ СИСТЕМ** нема методологија за подготовка на Годишниот извештај, ниту за поставување на систем за мониторинг и известување за спроведувањето на годишната програма за финансирање на железничката инфраструктура.

**ЗАКОНОТ ЗА ВОЗИЛА** ги регулира прашањата кои се поврзани со пуштање во употреба или пуштање во промет на возила, нивна регистрација и проверка како и регистарот на податоци за возилата. Сепак, се уште не е донесен подзаконскиот акт кој треба да ја пропишува формата, содржината и начинот на одржување на регистарот и начинот на внесување и објавување на податоците.

## ЕЛЕКТРОНСКИ СИСТЕМИ ЗА МОНИТОРИНГ И ИЗВЕСТУВАЊЕ

### Систем за ПОДГОТОВКА НА ЕНЕРГЕТСКИ БИЛАНС

- Софтверска алатка која треба да обезбеди делумно автоматизирање на собирањето на податоци кои се потребни за подготовка на енергетскиот биланс на државата и ќе почне да се користи од 2018 година. Системот ќе собира податоци за емисиите на стакленички гасови во kt $CO_2$, кумулативно по вид на гориво.

### Платформа за МОНИТОРИНГ И ВЕРИФИКАЦИЈА

- Софтверска алатка која ќе овозможи ефективен мониторинг на спроведувањето на мерките и активностите од Националниот Акциски план за енергетска ефикасност која ќе содржи: општи податоци, заштеди на енергија [KWh] и $CO_2$ [t], како и податоци за трошоците и пресметките.

### EXCITE

- Софтверска алатка која се заснова на најдобри практики за мониторинг на потрошувачката на енергија во општините. Најновата верзија на софтверската алатка е целосно прилагодена на Правилникот за информацискиот систем.
- Во база на податоци се собираат следните информации: општи податоци, податоци за градбата, топлински податоци, податоци за осветлувањето и податоци за јавното осветлување.
- Алатката ќе подготвува неколку различни извештаи, меѓу кои и: индикатори за специфичните емисии на $CO_2$ ($kgCO_2/m^2$), како и општи и специфични извештаи за емисиите на стакленички гасови од зградите или од градежните единици, извештаи за јавното осветлување и други извештаи.

### МОНИТОРИНГ НА ЕМИСИИТЕ ВО ИНДУСТРИЈАТА – EMI

- Софтверската алатка овозможува индустријата да си ги исполни законските обврски за известување за годишните емисии на стакленички гасови и загадувачки материи на воздухот.
- Оперативна база на податоци за систематизација на собирањето на податоци од индустријата и за подготовка на три инвентари кои се одговорност на МЖСПП: Инвентарот на стакленички гасови, Катастарот на загадувачи на воздухот и Катастарот на загадувачи.

### ИНТЕРНЕТ ПЛАТФОРМА ЗА МОНИТОРИНГ и функционирање на енергетските пазари

- Посебна алатка за следење на пазарот на енергија во Македонија (изработена во 2016 година, официјалната употреба се очекува да почне на почетокот на 2018 година.)

### РЕГИСТАР НА ВОЗИЛА

- Активности за подготовка на нов електронски регистар на возила, кој ќе собира податоци од процесот на регистрација, вклучувајќи податоци и за техничката проверка, но исто и податоци за постапката за одобрување и идентификација.

## ПРЕДЛОЖЕНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА СИСТЕМОТ ЗА МОНИТОРИНГ, ИЗВЕСТУВАЊЕ И ВЕРИФИКАЦИЈА НА ПОЛИТИКИТЕ И МЕРКИТЕ




# ПРЕПОРАКИ

За воспоставување на систем за мониторинг, известување и верификација на политиките и мерките за ублажување на климатските промени во Македонија

- **Регулативата на ЕУ за механизмот за мониторинг, известување и верификација** може да биде заеднички именител во однос на мониторингот, известувањето и верификацијата
  - Македонија мора **веднаш да почне да го прилагодува националното законодавство** со цел да ги усвои одредбите од оваа Регулатива

Достапни се две можности:

  - Првата варијанта е веднаш да се подготви **дополнување на Законот за животната средина** со кое целосно ќе се транспонира Регулативата 525/2013, додека подзаконските акти (уредба или правилник) со кои се наведуваат методологиите и барањата за воспоставување на национален систем за МРВ треба да се подготват и донесат истовремено со дополнувањата на Законот за животна средина.
  - Втората алтернатива е веднаш да се почне со процесот на **подготовка на интегриран Закон за климатска акција**, во кој, меѓу другите прашања ќе се регулираат и обврските за воспоставување на системот за мониторинг, известување и верификација.
- **Усогласеност со барањата на ЕУ и ООН**, како и со Парискиот договор и македонските национални обврски (кои служат како примарна цел согласно ЦОР13*):
  - **Инвентари на стакленички гасови**
    (Се бараат при: известување до ООН – во националните планови и двогодишните извештаи; за Регулативата за механизмот за мониторинг на ЕУ – при известување на емисиите на стакленички гасови; следење на спроведувањето на ЦОР13).
    - Да се **одржат постојните практики** за подготовка на инвентарот;
    - Да се **подобри известувањето** за Употребата на земјиштето, промени во употребата на земјиштето и шумарството;
    - Да се **институционализира подготовката на инвентарот на стакленички гасови** (да не се спроведува во рамки на проекти, туку да постои редовен процес за подготовка).
  - **Политики и мерки за ублажување на климатските промени и предвидувања на емисиите**
    (Се бараат при: известување до ОН – во националните планови и двогодишните извештаи; за Регулативата за механизмот за мониторинг на ЕУ – при известување на политиките и мерките за ублажување и предвидувањата на емисиите; следење на спроведувањето на соодветните национални придонеси; следење на спроведувањето на ЦОР13)
    - Да се **создадат услови за спроведување на мерките** за ублажување;
    - Да се **овозможи и да се поттикнат регионалните и приватните чинители**, како што се градовите, регионите, бизнис-заедницата и граѓанското општество да предводат при спроведување на националните придонеси и идните ревизии;
    - За секоја од идентификуваните мерки за ублажување, да се **изработи систем за мониторинг, известување и верификација** којшто треба да е во согласност со Регулативата за механизмот за мониторинг на ЕУ и да вклучува процедури и институционална поставеност што најдобро ги одразуваат специфичните услови во Македонија и нејзините обврски за ублажување. Вака ќе се следи напредокот кон исполнување на целите за ублажување и ќе се привлечат меѓународни средства за спроведување на домашните мерки за ублажување. Да се почне со мерките со највисок приоритет (со највисок потенцијал за ублажување и најниски специфични трошоци);
    - Да се **развијат механизми за следење** на инвестициите за ублажување на климатските промени;
    - Да се **продолжи со анализите** преку развој на сценарија и предвидувања на емисиите, како и да се создаде цврста аналитичка основа за идните ревизии;
    - Да се **оценат придружните придобивки** од мерките за ублажување и тие да се употребуваат како дел од критериумите за приоретизација.
  - **Политики и мерки за адаптација**
    (Се бараат при: известување до ОН – во националните планови; известување за адаптација во согласност со Регулативата за механизмот за мониторинг; следење на спроведувањето на ЦОР13)
    - Да се **усвои национален план за адаптација** на ниво на централна власт;
    - Да се **развие шема за мониторинг, известување и верификација** на мерките за адаптација, да се почне со мерките кои се однесуваат на најранливите сектори;
    - Да се **развијат механизми за следење** на инвестициите за адаптација на климатските промени;
    - Кога ќе се изработува поглавјето за адаптација во националните планови, да се **следат насоките** на Регулативата за механизмот за мониторинг за адаптација;
    - Да се **овозможи и да се поттикнат регионалните и приватните чинители**, како што се градовите, регионите, бизнис-заедницата и граѓанското општество да учествуваат и да предводат во овие активности;
    - Владата да **достави ажурирани заложби** за климата, вклучително и за компонентите за ранливост и адаптација.

* ЦОР13 - Цел за одржлив развој бр. 13 - Климатски промени


Република Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање

Empowered lives. Resilient nations.

Овој документ е подготвен за Вториот двогодишен извештај за климатски промени, со техничка и финансиска поддршка од Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) и Глобалниот фонд за животна средина (ГЕФ).

eXpressive GRAPHICS